**Корисник согласно големина на производен капацитет**

Големината на производниот капацитет на потенцијалниот корисник треба да се во рамките на следниве минимални и максимални производни капацитети:

| Инвестиции | Земјоделско стопанство | |
|---|---|---|
| 10111 Обновување и модернизација на постоечки лозови насади | минимум 0,3 ха до максимум 50 ха површини под лозов насад | |
| | над 50 ха | |
| 10121 Обновување и модернизација на овошни насади | Минимум 0,3 ха до максимум 50 ха површини под овошен насад | |
| | над 50 ха | |
| 10131 Изградба/реконструкција и модернизација на пластеници (со исклучок на тунелски фолии) и стаклeници | пластеници/стакелници | минимум 0,2 ха до максимум 30 ха |
| | расадници | минимум 0,1 ха на крајот на инвестицијата |
| 10132 Модернизација на производството на зеленчук на отворено | производство на зеленчук -на отворено | минимум 0,2 ха до максимум 30 ха |
| 10141Изградба/реконструкција на објектите за одгледување на молзни крави, овци и кози | молзни крави | најмалку 5 грла молзни крави до 500 грла молзни крави |
| | | помалку од 5 грла молзни крави |
| | | над 500 грла молзни крави |
| | молзни кози | најмалку 30 грла молзни кози до 800 грла молзни кози |
| | | помалку од 30 грла молзни кози но не повеќе од 800 грла молзни кози |
| | | над макс. капацитет |
| | молзни овци | најмалку 150 грла молзни овци до 8000 грла молзни овци |
| | | помалку од 150 грла молзни овци но не повеќе од 8000 грла молзни овци |
| | | над макс. капацитет |
| 10151 Изградба/реконструкција на објектите за одгледување на маторици и свињи во тов | свињи во тов | најмалку 100 свињи во тов до максимум 30000 свињи во тов годишно годишно |
| | | помалку од 100 свињи во тов но не повеќе од 30000 свињи во тов годишно |
| | | над макс. капацитет |
| | маторици | најмалку 10 маторици до максимум 1500 маторици годишно |
| | | помалку од 10 маторици но не повеќе од 1500 маторици годишно |

| | | |
|---|---|---|
| | | над макс. капацитет |
| 10152 Воспоставување на нови живинарски капацитети на земјоделски стопанства за одгледување на бројлери и модернизација на постоечките | бројлери | најмалку 3000 броилери до максимум 180000 бројлери годишно |
| | | помалку од 3000 бројлери но не повеќе од 180000 бројлери годишно |
| | | над макс. капацитет |

- земјоделските стопанства со регистрирани производни капацитети на винско грозје над 50 ха, може да аплицираат за инвестиции во обновување и модернизација на постоечки лозови насади и во инвестиции за наводнување на максимум 50 ха од вкупната површина под лозов насад регистриран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и Регистарот на лозови насади.

- земјоделските стопанства со регистрирани производни капацитети на овошен насад (вклучително и трпезно грозје) над 50 ха, може да аплицираат за инвестиции во обновување и модернизација на овошниот насад и во инвестиции за наводнување на максумум 50 ха од вкупната површина под овошен насад (вклучително и трпезно грозје) регистриран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

- во случај на изградба на нови пластеници/стакленици (со исклучок на тунелски фолии) земјоделското стопанство на крајот на инвестицијата треба да покаже регистрирано производство на зеленчук во оранжерии во Единствениот регистар на земјоделски стопанства на најмалку 0,3 ха (и/или најмалку 0,1 ха расадници – со исклучок на тунелски фолии).

- земјоделските стопанства кои се со под минималниот капацитет за производство на млеко или месо, исто така ќе бидат соодветни за кофинансирање доколку докажат дека на крајот на инвестицијата ќе го постигнат минималниот капацитет.

- земјоделските стопанства кои се со над максималниот капацитет за производство на млеко или месо, исто така се соодветни за кофинансирање за инвестиции за системи за управување и складирање на шталско ѓубре.

- за подмерка 10141, во случај на инвестиции за набавка на земјоделска механизација и опрема за култивирање и косење, земјоделското стопанство мора да покаже сопствено производство на млеко преку регистриран број на молзни животни во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и во Регистарот за идентификација на животни согласно минимум и максимум критериумите наведени во горната табела и земјоделска површина од 0,7 ха по крава или 1 ха по 15 овци/кози.

- за подмерка 10151 и 10152, во случај на инвестиции за набавка на земјоделска механизација и опрема за култивирање и косење, земјоделското стопанство мора да покаже регистриран број на животни за тов во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и во Регистарот за идентификација на животни (само за свињи и товеници) согласно минимум и максимум критериумите наведени во горната табела и земјоделска површина од 2 ха за производство на зрнести култури.